**ЗАПИСНИК**
**од 21 - та седница на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 12.12.2014 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски, Претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи, Заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, м-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Селвер Ајдини и Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** /

**На седницата присуствуваше д-р Зоран Трајчевски, Директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручна служба:** д-р Андриана Скерлев – Чакар, м-р Драгица Љубевска, Огнен Неделковски, м-р Емилија Јаневска, Горан Радуновиќ, м-р Ружица Бошнакоска - Јотевска, Илија Витков.

**Други присутни:** Елена Костовска од ЦРМ.

Г-дин Петрушевски ја отвори 21-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:00 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Предлози за измена и дополнување на дневниот ред не беа понудени.

Советот на Агенцијата, едногласно, со 7 гласа „за“, го усвои следниот:

**Д н е в е н   р е д**

1. Усвојување на Записникот од 20-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 04.12.2014 година.
2. Предлог-Правилник за процедурите на финансиското и сметководственото работење на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.
3. Предлог-Ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2014 година, со Предлог-Одлука.
4. Предлог-Правилник за програми со наградно учествување и за користење телефонски услуги со додадена вредност.
5. Предлог-Водич за мониторинг на „говорот на омразата“.
6. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и со 6 гласа „за“ и еден воздржан глас од членот на Советот, Лазар Трајчев, го усвои Записникот од 20-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 04.12.2014 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски објасни дека Предлог-Правилникот за процедурите на финансиското и сметководственото работење на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на 17-та седница го усвои како Нацрт верзија и јавно го објави на веб страната. Рокот на траење на јавната расправа изнесуваше 30 дена и траеше до 04.12.2014 година, а во тој временски период не беше доставена ниту една забелешка во однос на неговата содржина. Објасни дека на седницата подзаконскиот акт е предложен во истата форма како и нацрт-верзијата. Упати потсетување до Стручната служба на Агенцијата, во член 23 од правилникот, да ги наведат броевите од „Службен Весник на Република Македонија“ на Правилникот за форматите на програмските сервиси на радиодифузерите и Правилникот на подрачјата на емитување на телевизиски и радио програми.

Раководителот на Секторот за економско-финансиски работи, Горан Радуновиќ, објасни дека во предложениот правилник рокот за плаќање на фактурата е усогласени со ЗААВМУ.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот на Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.01-6155/1 од 10.12.2014 година и со забелешката да се внесат броевите на правилниците од „Службен Весник на Република Македонија“, едногласно, со 7 гласа „за“, донесе Правилник за процедурите на финансиското и сметководственото работење на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со текст како што беше предложен.

Со денот на влегување во сила на горенаведениот правилник, престанува да важи Правилникот за процедурите на финансиското и сметководственото работење на Советот за радиодифузија на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“, бр. 64/12).

Советот на Агенцијата го задолжи Секретаријатот, горенаведениот правилник, да го објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Советот на Агенцијата го задолжи Секторот за европска и меѓународна соработка и односи со јавноста, горенаведениот подзаконски акт, да го објави на веб страната на Агенцијата.

**Точка 3**

Раководителот на Секторот за економско-финансиски работи, Горан Радуновиќ го објасни Предлогот за Ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2014 година, со Предлог-Одлуката. Информира дека ребалансот се прави со цел да се обезбедат средства за службени огласи за потребите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во износ од 300.000,00 денари со вклучен ДДВ. Со ребалансот на Финансискиот план на Агенцијата за 2014-та година, вкупните планирани расходи според планот ќе останат на претходно утврденото ниво, односно ќе изнесуваат 198.994.898,00 денари.

Г-дин Петрушевски, постави прашање до г-дин Радуновиќ, дали наведените средства, се планирани да се потрошат до крајот на 2014 година? Одговорот беше дека средствата се планирани за оваа година, бидејќи се работи за многу правилници кои се објавени и кои до крајот на годината треба да се усвојат и истите да се објават во „Службен весник на Република Македонија“.

Г-дин Фетаи, постави прашање дали предложениот ребаланс финансиски ќе влијае спрема обврската која ја има Агенцијата спрема новиот деловен објект кој е во изградба?

Г-дин Трајчевски одговори дека предложениот ребаланс нема да влијае, бидејќи сумите кои треба да се предвидат и подмират се обврска за следната 2015 година, кога и доаѓаат најскапите фази на градба.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот на Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.05-6151/1 од 10.12.2014 година.

Советот на Агенцијата едногласно, со седум гласа „за", донесе одлука за одобрување на ребалансот и донесе Ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, за 2014-та година, со цел да се обезбедат средства за службени огласи за потребите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во износ од 300.000,00 денари со вклучен ДДВ.

Со ребалансот на Финансискиот план на Агенцијата за 2014-та година, вкупните планирани расходи според планот ќе останат на претходно утврденото ниво, односно ќе изнесуваат 198.994.898,00 денари.

Ребалансот се изврши на следните ставки во усвоениот Финансиски план за 2014-та година и тоа:

- се зголеми групната ставка 418 Останати други расходи за 300.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 1.255.400,00 денари истата изнесува 1.555.400,00 денари.
- позицијата 418800 Други расходи, наместо досегашниот износ од 1.255.400,00 денари, се зголеми за 300.000,00 денари и изнесува 1.555.400,00 денари. Средствата кои се обезбедуваат се однесуваат на објава на службени огласи за потребите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и во најголем дел се однесуваат на законската обврска за објавување на усвоени Правилници во Службен весник на Република Македонија.
- се намали групната ставка 440 Средства за градежни објекти за 300.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 126.517.946,00 денари истата изнесува 126.217.946,00 денари.
- позицијата 440100 Изградба, реконструкција и адаптација на градежни објекти наместо досегашниот износ од 126.517.946,00 денари, истиот се намали за 300.000,00 денари и изнесува 126.217.946,00 денари. Средствата кои се обезбедуваат се однесуваат за објава на службени огласи за потребите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Советот на Агенцијата го задолжи Секторот за економски-финансиски работи, да го изготви горенаведениот Ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2014-та година, во кој ќе ги вгради наведените измени и дополнувања.

Советот на Агенцијата го задолжи Секторот за европска и меѓународна соработка и односи со јавноста, горенаведената одлука да ја објави на веб страната на Агенцијата.

**Точка 4**

Раководителката на Секторот за програмски работи, м-р Емилија Јаневска, го објасни предложениот Правилник за програми со наградно учествување и за користење телефонски услуги со додадена вредност. Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на својата 17-та седница го усвои Нацрт - правилникот и согласно член 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и член 47 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, го објави предложениот подзаконски акт на својата веб страница, при што на сите заинтересирани страни им овозможи да ги изразат своите мислења, гледишта и ставови. Јавната расправа траеше 30 (триесет) дена од денот на објавувањето, и заврши на 04.12.2014 година. Исто така, на 26.11.2014 година, Агенцијата организираше состанок на кој беа поканети сите радиодифузери и на кој

беше презентиран Нацрт - правилникот за програми со наградно учествување и за користење телефонски услуги со додадена вредност, а присутните беа уште еднаш повикани активно да се вклучат во јавната расправа со предлози што ќе ги достават во писмена форма. До 04.12.2014 година, до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги не пристигнаа забелешки ниту предлози од јавната расправа за овој подзаконски акт.

Г-дин Петрушевски нагласи дека горенаведениот акт е добро изработен и согласно на тоа нема ни добиени забелешки од јавната расправа.

Г-дин Фетаи уште еднаш нагласи, при мониторингот на програмата, многу повеќе да се внимава во насока на практично применување на подзаконските акти од наведениот правилник, за да не се повторуваат недоследностите од минатото. Објасни дека е многу позитивно што влезе во сила овој подзаконски акт.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот на Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.01-6156/1 од 10.12.2014 година и едногласно, со 7 гласа „за“, донесе Правилник за програми со наградно учествување и за користење телефонски услуги со додадена вредност, со текст како што беше предложен.

Со денот на влегување во сила на горенаведениот правилник, престанува да важи Правилникот за користење телефонски услуги со посебна тарифа во програмите на радио и телевизиските програмски сервиси („Службен весник на Република Македонија“, бр.72/07).

Советот на Агенцијата го задолжи Секретаријатот, горенаведениот правилник, да го објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Советот на Агенцијата го задолжи Секторот за европска и меѓународна соработка и односи со јавноста, горенаведениот подзаконски акт, да го објави на веб страната на Агенцијата.

**Точка 5**

Секторот за програмски работи, м-р Емилија Јаневска го објасни предложениот Водич за мониторинг на „говорот на омразата“. Според член 48 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, „аудио и аудиовизуелните медиумски услуги не смеат да содржат програми со кои се загрозува националната безбедност, се поттикнува насилно уривање на уставниот поредок на Република Македонија, се повикува на воена агресија или на оружен конфликт, се поттикнува или шири дискриминација, нетрпеливост или омраза врз основа на раса, пол, религија или националност“. Ваквите посебни забрани, како форма на ограничување на слободата на изразување, според член 48 став 2, „треба да бидат во согласност со практиката на Европскиот суд за човекови права“. Со цел да се обезбеди почитување на практиката на Европскиот суд за човекови права при утврдувањето евентуални прекршувања на член 48 став 1, домашен и странски експерт ангажирани преку проектот „Зајакнување на административните капацитети на телата задолжени за телекомуникации и медиуми за ефикасно регулирање на новите дигитални и повеќенаменски услуги“, финансиран од страна на Европската комисија според ИПА рамката, изработија два документи. Едниот е „Упатства за мониторинг на содржини со говор на омраза во аудиовизуелните медиумски услуги“ од експертката по медиумско право м-р Јелена Сурчулија Милојевиќ, а другиот „Преглед на праксите на другите регулаторни тела во мониторингот на говорот на омраза“, од експертката д-р Снежана Трпевска, ангажирана како клучен експерт 2 на Проектот. Со синтеза на двата документи, изготвен е Водич за мониторинг на „говорот на омразата“. Врз основа на двата документи, во септември 2014 година, беа одржани две работилници: едната за вработените во Стручната служба на Агенцијата, а другата за радиодифузерите и за членовите на Советот на Агенцијата. Идејата на Водичот е да и користи на Стручната служба при примена на

член 48 од ЗААВМУ и на радиодифузерите во секојдневното работење со цел да ги избегнуваат формите на говор на омраза.

Г-дин Петрушевски, во врска со предложениот документ, постави прашање како е регулирана интелектуалната сопственост во однос на двата документа изработени од домашниот и странски експерт ангажирани преку ИПА проектот? Дали Водичот за мониторинг на „говорот на омразата“, останува на АААВМУ?

Г-дин Трајчевски одговори дека комплетната содржина е изработена од експерти, но Агенцијата го плати нивниот труд преку ИПА проектот.

Г-дин Фетаи, рече дека се работи за многу значаен документ, кој е стручно изработен и е дел од мисијата на Агенцијата како регулаторно тело, со оглед што оваа проблематика, говорот на омраза и природата на нашето општество и според искуството што до сега сме го имале во одредени телевизии, каде има такви појави и девијации. Рече дека не навлегува во стручноста на документот бидејќи се работи за стандарди прилагодени на нашите прилики. Г-дин Фетаи предложи Водичот за мониторинг на „говорот на омразата“, да се преведе на албански јазик со оглед дека има универзално значење. Според него рече дека ќе им користи освен на радиодифузерите и на самите гледачи, за препознавање на овој начин на однесување на одредени медиуми.

Г-дин Петрушевски, бидејќи се работи за многу значаен документ, предложи за Водичот за мониторинг на „говорот на омразата“, Агенцијата посебно да организира негова промоција во јавноста.

Г-дин Трајчевски, во врска со предложениот документ, одговори дека веќе имаше организирано две работилници. Но, објасни дека во овој период целата активност на Агенцијата, до крајот на 2014 година е насочена кон замена на дозволите за вршење на радиодифузната дејност со нови. Но, рече, следната година ќе се организира таква промоција, можеби и како тема на следниот јавен состанок на Агенцијата.

Г-дин Фиданоски, го поздрави Водичот за мониторинг на „говорот на омразата“, и смета дека тој ги задоволува сите потребни стандарди за наведената област. Секогаш може подобро, рече, и повеќе, но кога во нашата држава и во Европа нивото на сензибилност ќе стане поизострено во однос на прашањето за говорот за омраза, и предочи дека можеби ќе се стаса на некое ново ниво каде ќе има нови препораки во оваа област, но засега според него документот е многу добар. Забелешка даде во текстот, во точка 3.1 - Препорака бр. R (97) 20 во врска со „говор на омраза“, во реченицата „Препораката во врска со говорот на омраза препорачува владите на земјите-членки..“. Г-дин Фиданоски рече дека лингвистички не е добро составена реченицата, бидејќи не може препораката да препорачува. Во таа насока предложи подобро да стои: „Во Препораката во врска со говорот на омраза на владите на земјите-членки им се посочува...“ Во однос на останатиот дел од текстот, во точка 3.3, со наслов „Декларација за слобода на политичката дебата во медиумите“, делот кој гласи „Поради својата доминантна позиција, овие институции како такви не треба да бидат заштитени со кривичниот закон во однос на изјави на клевети или навреди. Меѓутоа, онаму каде што овие институции уживаат таква заштита, оваа заштита треба да се применува на ограничувачки начин, и во сите околности да се избегнува нејзината примена за ограничување на правото на критика“, посебно го поздрави. За него смета дека претставува суштинските дел во самиот документ, и објасни дека праксата честопати не ни била за пофалба, па се надева дека примената во пракса на ова ќе придонесе да се биде чекор напред во самиот однос во општеството кон говорот на омраза. Понатаму рече дека сите препораки и во 4-та глава, 5-та, 6-та, се одлично срочени, но треба да се види како ќе се применат во пракса. Во однос на точка 6, со наслов „Македонска регулаторна рамка за „говорот на омразата“, под точка 6.1, со наслов „Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги“, рече дека на крајот од

текстот е добро нотирано, при тоа наведувајќи го: „Проблемот со кој Агенцијата може да се соочи е емитување на сериозен „говор на омраза“ од страна на медиумите, кога писмената опомена не е доволна и кога Агенцијата треба да има посилна алатка за реагирање, како на пример онаа предвидена за реемитувањето на странски програми“. Г-дин Фиданоски рече дека според него е добро нотирано, дека Агенцијата нема посилна алатка за реагирање, и го подржува ставот дека Агенцијата треба да има посилна алатка за реакција кон говорот на омраза, и бидејќи се најавило дека ќе има законски измени, предложи дека можеби не е лошо да се размислува во насока да се сугерира некаква таква измена која што ќе и даде можност, механизам на Агенцијата, евентуално да реагира во случај на говор на омраза.

Во однос на забелешка на г-дин Фиданоски, дека реченицата „Препораката во врска со говорот на омраза препорачува владите на земјите-членки..“, која се наоѓа во точка 3.1 со наслов „Препорака бр. R (97) 20 во врска со „говор на омраза“, не е добро лингвистички срочена, на седницата се разви дискусија, на која учествуваа: г-дин Трајчевски, г-дин Петрушевски, г-дин Јанчевски, г-дин Фиданоски, г-дин Трајчев, г-дин Фетаи, каде членовите на Советот понудија свои предлози во таа насока.

Г-дин Јанчевски забележа дека на многу места во текстот на Водич за мониторинг на „говорот на омразата“, стои „Препораката бара..“.

Г-дин Трајчев рече дека не е спорно да стои Препораката препорачува, затоа што тавтологија е повторување на зборови со исто значење. Овде се работи за документ со таков наслов, и тој не бара, ни укажува, ниту посочува, туку препорачува. Препораката не е облигаторна. Но, рече дека го загрижува тоа што во текстот е наведено дека „Препораката бара“ бидејќи таа не треба да бара, и во таа насока предложи да се најде друг посоодветен термин.

Под дискусијата, г-дин Петрушевски даде кратка пауза, за да г-ѓа Јаневска се консултира со преведувачот во насока да се усогласат термините при превод на македонски јазик „бара“ и „препорачува“, со оригиналниот текст кој е на англиски јазик.

По паузата, Г-дин Петрушевски објасни дека раководителката на Секторот за програмски работи, м-р Емилија Јаневска во соработка со преведувачот, понудиле предлог: во точка 3.1 - Препорака бр. R (97) 20 во врска со „говор на омраза“, почетокот на реченицата „Препораката во врска со говорот на омраза препорачува владите на земјите-членки..“, да се замени со „Во препораката во врска со говорот на омраза им се препорачува на владите на земјите-членки..“. Вториот предлог гласеше: во делот каде пишува „Препораката особено бара..“, да се замени со „Препораката особено ги повикува..“.

Советот на Агенцијата едногласно, со 7 гласа „за“, ги усвоија предложените измени.

Г-дин Трајчев, во однос на Водичот за мониторинг на „говорот на омразата“, рече дека го поздравува документот, затоа што на некој начин според него ќе се воспостави еден систем, едно видување и терминолошки ќе се определи што значи говорот на омразата, по имплементацијата, примената, како една динамична категорија која еволуира со текот на времето, и каде што изворот од сите оние акти на оние пресуди кои се овде кажани, има и доста други кои постојат во оваа сфера, и сите други кои понатака ќе се донесат. Смета дека ќе биде предмет на понатамошна до разработка, во специфичните делови кој што се во пресудите кај нас и во примената на нашиот закон, и во судот во Стразбур кој што ги носи одлуките и едноставно треба да се следи и динамично да еволуира понатака во насока на тоа што општеството ќе го определи како потребно. Исто така го поздрави предлогот, да Агенција предложи, со Законот да се воспостави некој механизам за да и тоа може да влезе во делокругот на работата на Агенцијата, за да со искуствата од надвор и ние имплементираме една таква процедура.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот на Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.01-6157/1 од 10.12.2014 година и донесе Водич за мониторинг на „говорот на омразата“, со текст како што беше предложен.

Советот на Агенцијата го задолжи Секторот за европска и меѓународна соработка и односи со јавноста, да ги преземе потребните активности за да го преведе Водичот за мониторинг на „говорот на омразата“ на албански јазик.

Советот на Агенцијата го задолжи Секторот за програмски работи во соработка со Секторот за европска и меѓународна соработка и односи со јавноста, во месец јануари 2015 година да организира промоција на горенаведениот документ.

Советот на Агенцијата го задолжи Секторот за европска и меѓународна соработка и односи со јавноста, водичот да го објави на веб страната на Агенцијата.

**Точка 6**

Разно.

Немаше точки под разно

Подготвил: м-р Ружица Бошнакоска Јотевска
Контролирал: Огнен Неделковски
Одобрил: д-р Андриана Скерлев – Чакар

Согласен: м-р Драгица Љубевска

**Бр. 02-6126/6**
**18.12.2014 година**

**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**

**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ, с.р.**